# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| ”Службен гласник на Општина Ѓорче Петров”<br>Излегува по потреба | 18 Март . 2008 год.<br>Скопје<br>Бр. 4 Год. III |

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com

Издавач: Општина Ѓорче Петров
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
ул.Ѓорче Петров бб.тел.02/2039-307 ; 02/2039-308 фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци


**Содржина:**


1. Одлука за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Ѓорче Петров за 2007 година со Завршната сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година......2 стр.

2. Годишен Извештај на Општина Ѓорче Петров за 2007 година ......3 стр.

3. Завршната сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година......12 стр.

4. Одлука за усвојување на Извештаите за првото полугодие за работа во учебната 2007/2008 година на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров......18 стр.

5. Одлука за организирање Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на ДУП за зона Мало стопанство УЗ*Мирче Ацев* Општина Ѓорче Петров......19 стр.

6. Одлука за организирање Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на ДУП за Спортски терени-Крајбрежен појас УЗ*Ѓорче Петров* Општина Ѓорче Петров......20 стр.

7. Одлука за организирање Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на ДУП за дел од УЗ*Даме Груев*УБ 2, Општина Ѓорче Петров......21 стр.

8. Соопштение за Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт- ДУП за зона Мало стопанство УЗ*Мирче Ацев* Општина Ѓорче Петров......22 стр.

9. Соопштение за Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-ДУП за Спортски терени-Крајбрежен појас УЗ*Ѓорче Петров* Општина Ѓорче Петров......23 стр.

10. Соопштение за Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт- ДУП за дел од УЗ*Даме Груев*УБ 2, Општина Ѓорче Петров......24 стр.


**Скопје, Март 2008 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Ѓорче Петров за 2007 година и Завршна сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Ѓорче Петров за 2007 година и Завршна сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година , што Советот на Општина Ѓорче Петров ги усвои на Седумдесет и петата Седница на Советот, одржана на ден 11.03.2008 година.

**Број 08-608/1**
**од 14.03.2008 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 05/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на Седумдесет и петтата седница одржана на ден 11.03.2008 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Ѓорче Петров за 2007 година со Завршната сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година**

**Член 1**

Се усвојуваат Годишниот Извештај на Општина Ѓорче Петров за 2007 година со Завршната сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година.

**Член 2**

Оваа Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави заедно со Годишниот Извештај на Општина Ѓорче Петров за 2007 година со Завршната сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07- 497/3**
**11.03.2008 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампие Анѓелковски с.р**

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ( Сл.весник на Р.М. бр. 61/04) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на општина Ѓорче Петров ( сл. гласник на општина Ѓорче Петров бр. 05/06), Советот на општина Ѓорче Петров на Седумдесетипеттата седница одржана на 11.03.2008 година, донесе

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2007 година**

# 1. Вовед

**1.1.** Основни податоци за Општина Ѓпрче Петров

Број на жители по попис од 2002 година : 41.680
Површина 67 км2 и 6 населени места: Ново Село; Волково; Орман; Кучково; Никиштани и Грачани

**Опис на економските параметри на општината:**

Според пописот Општина Ѓорче брои 11.845 домаќинства,
13.896 станови
988 деловни субјекти од кои
424 се активни

Според податоците кои се превземени од УЈП во даночната администрација на град Скопје, пријавени обврзници за данок на имот има 10.600, што значи дека околу 3.000 станови не се пријавени или пак се наоѓаат во евиденција на друга општина.Со измените на Законот на данок на имот обврзници на истиот стануваат целокупните објекти на фирмите (производни и административни капацитети), како и имотите во брдско планинските подрачја, кои претходно беа ослободени од оврската за данок на имот.

Во општината постојат околу 20 поголеми деловни субјекти и занаетчиско услужни дејности кои се распоредени во различни гранки:

- Градежна индустрија;
- Прехрамбено преработувачка индустрија;
- Текстилна индустрија;
- Хемиска индустрија
- Пекарско-занаетчиски дејности
- Сервиси; услужни дејности ( дуќани, сендвичари, ресторани и сл.)
- Филијали на неколку банки ( Комерцијална, Охридска, Тутунска и Прокредит банка)

Што се однесува од институционални објекти во општината има:

- Поликлиника со амуланти во Дексион и Волково,
- Геронтолошки завод
- Полициска станица
- Касарна за единиците за брза интервенција
- Една градинка со три клона;
- Шест основни училишта;
- Едно средно училиште - Гимназија,

- Стадион за спортски натпревари,
- Цркви, манастири и др.

**1.2.** Буџет и Одлука за извршување на буџетот

Буџетот на Општина Ѓорче Петров и Одлуката за извршување на буџетот за 2007, Советот на Општина Ѓорче Петров ги донесе на својата Четириесетта седница на 21.12.2006 год. Во текот на 2007 година се вршеа 6 измени и дополнина буџетот, а беа предизвикани од потребите за распоредување на пренесениот вишок на средства по сите основи, од преминот во втора фаза на фискална децентрализација и преминување од наменски на блок дотации и од усогласување на реалните потреби за трошење на средтвата.Исто така се извршија и две промени на Одлуката за извршување на буџетот за 2007 година, а кои беа предизвикани од втората фаза на децентрализација и регулирање на начин на исплата на платите и надоместоците на локалните јавни установи, како и од промената на Законот за плати и надоместоци на избрани и именувани лица на Р.М., Законот за плати на вработените и Одлуката за плати на државни службеници, каде се регулираше начинот на зголемување по 10% на платите.

## 2. Годишна сметка

### 2.1. Приходи на Општината

| | | Опис на сметките | Основен буџет **2006** | | Основен буџет **2007** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | планирано | извршено | планирано | извршено |
| | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **118.210.779** | **94.339.967** | **149.547.243** | **123.559.959** |
| **71** | | **Даночни приходи** | **76.622.898** | **55.915.771** | **94.382.378** | **64.240.826** |
| | 711 | Данок од доход, добивка и капитални доб. | 6.139.381 | 6.233.835 | 7.400.000 | 5.268.808 |
| | 713 | Данок на имот | 27.377.173 | 12.974.666 | 26.980.000 | 21.632.418 |
| | 717 | Даноци од специфични услуги | 43.106.344 | 36.707.270 | 60.002.378 | 37.339.600 |
| **72** | | **Неданочни приходи** | **8.687.116** | **7.134.483** | **17.038.116** | **19.444.439** |
| | 722 | Такси и надоместоци | 651.200 | 912.139 | 1.600.000 | 1.144.605 |
| | 723 | Административни такси и надоместоци | 338.916 | 893.242 | 2.182.000 | 1.687.537 |
| | 724 | Други владини услуги | 487.000 | 492.979 | 746.116 | 668.852 |
| | 725 | Други неданочни приходи | 7.210.000 | 4.836.123 | 12.510.000 | 15.943.445 |
| **73** | | **Капитални приходи** | **0** | **0** | **50.000** | **815.333** |
| | 733 | Продажба на замј.и нематер.вложувања | 0 | 0 | 50.000 | 815.333 |
| **74** | | **Трансфери и донации** | **32.900.765** | **31.289.713** | **38.076.749** | **39.059.361** |
| | 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 28.200.645 | 27.234.047 | 30.720.749 | 31.866.248 |
| | 742 | Донации од странство | 4.700.120 | 4.055.666 | 7.356.000 | 7.193.113 |

Од табелата се забележува дека оставрувањето на приходите споредено со 2006 година бележи **покачување** од **76,35%** во вкупните приходи, а по посебни извори истиот е различен и тоа најголем процент од 66,73% бележат приходите од даноците на имот, што се должи на

зголемена продажба на недвижен имот, како и на ревреднување на основиците за данокот на имот. Овие приходи треба во иднина да бележат уште поголем порас, бидејќи базата на податоци сеуште не е доажурирана.На ова интензивно работи градската даночна администрација во соработка со ангажираните лица за даноци во општините на Град Скопје.

Во 2006 година немавме воопшто приходи од концесии.Со измените на Законот за концесии на минерални суровини и природни богатства, 40% од овие приходи се пренесуваат и на општините.Претходно овој приход беше целосен на буџетот на Р.М.

Исто така оваа година се оствария и приходи од самопридонесет, кој се воведе оваа година.

Позитивните трендови на планирањето и реализацијата на планот се гледаат и од графичкиот приказ што следи:




Во табелата што следи пак се прикажува структурното учество на реализираните приходи во текот на 2007 година по сметки:

| | |
|---|---|
| Основен буџет | 116.366.846 |
| Дотации | 37.608.563 |
| Самофинансирачки активности | 12.387.111 |
| Донации | 9.399.516 |
| Кредити | 0 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **175.762.036** |




Од ова може да се извлечат заклучоци дека во консолидираниот буџет со најголем дел и тоа 67% учествува основниот буџет кој се формира од сопствени изворни приходи и капитални трансфери од централната власт; 21% учествуваат дотациите ( од 01.01 - 31.08. наменски дотации, а од 01.09.2007 блок дотации); приходите од самофинансирачките активности на градинките и основните училишта учествуваат со 7% и најмалку со 5% донациите, кои во наредните години ќе бидат уште помали.

Што се однесува до дотациите може да се каже дека не ги задоволуваат потребите и општина Ѓорче Петров дополнително ги финансира овие надлежности во процесот на фискална децентрализација.

## 2.2. Расходи на Општината

Расходната страна на буџетот на општина Ѓорче Петров се планира согласно законските прописи и програмскотео планирање.Програмите пак се утврдени согласно надлежностите.Анализите по програми Ви се дадени во материјалот со Завршната сметка.Во наредната табела ќе се задржиме на односот меѓу планираното и реализираното во основниот буџет на расход:

| | | Опис на сметките | Основен буџет 2006 | | Основен буџет 2007 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | планирано | извршено | планирано | извршено |
| | | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **113.510.659** | **82.724.966** | **142.191.243** | **91.024.223** |
| **40** | | **Плати, наемнини и надоместоци** | **21.709.554** | **19.661.241** | **27.499.225** | **24.335.917** |
| | 401 | Основни плати и надоместоци | 17.820.975 | 16.137.634 | 21.234.725 | 19.501.542 |
| | 402 | Придонеси од плати | 3.864.379 | 3.501.246 | 6.225.800 | 4.806.069 |
| | 403 | Останати придонеси од плати | 24.200 | 22.361 | 38.700 | 28.306 |
| **41** | | **Резерви и недефинирани расходи** | **250.000** | **245.200** | **500.000** | **431.814** |
| | 413 | Тековна резерва (разновидни расходи) | 250.000 | 245.200 | 500.000 | 431.814 |
| **42** | | **Стоки и услуги** | **45.944.905** | **35.778.293** | **55.925.975** | **40.368.056** |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 1.215.000 | 661.040 | 2.235.000 | 1.021.792 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 421 | Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт | 13.373.946 | 12.348.418 | 14.983.187 | 12.803.880 |
| | 423 | Ситен инвертар, алат и други материјали за поправка | 4.110.000 | 3.763.181 | 4.905.000 | 3.873.687 |
| | 424 | Поправки и тековни одржувања | 12.156.500 | 8.857.771 | 15.079.965 | 8.423.132 |
| | 425 | Договорни услуги | 10.498.700 | 6.176.837 | 13.751.623 | 9.795.613 |
| | 426 | Други тековни расходи | 4.590.759 | 3.971.046 | 4.971.200 | 4.449.952 |
| **45** | | **Каматни плаќања** | **173.400** | **173.400** | **104.000** | **103.546** |
| | 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 173.400 | 173.400 | 104.000 | 103.546 |
| **46** | | **Субвенции и трансфери** | **1.849.864** | **1.761.224** | **4.542.000** | **1.017.960** |
| | 463 | Трансфери до невладини организации | 200.000 | 111.360 | 400.000 | 256.850 |
| | 464 | Разни трансфери | 1.649.864 | 1.649.864 | 4.142.000 | 761.110 |
| **48** | | **Капитални расходи** | **43.580.610** | **25.105.608** | **53.620.043** | **24.766.930** |
| | 482 | Други градежни објекти | 38.537.810 | 22.038.299 | 48.629.993 | 23.041.755 |
| | 483 | Купување мебел, опрема, возила и машини | 3.042.800 | 2.944.926 | 1.800.000 | 1.103.153 |
| | 485 | Други нефинансиски средстава | 2.000.000 | 122.383 | 3.190.050 | 622.022 |

Графиконот пак го прикажува наменското планирање и остварување на расходите.Линиите на планирано и реализирано се пратат.Тоа значи дека нема отстапување во наменски планираното, само има помало остварување од планираното, а тоа пак се движи во рамките на остварените приходи.

Плавата или повисока линија го прикажува планираното. а пак црвената или пониската линија го прикажува реализираното.




Во следната табела како и во приходите прикажано е структурното учество на расходите по сметки:

| | |
|---|---|
| Основен буџет | 91.024.223 |
| Дотации | 37.210.226 |
| Самофинансирачки активности | 12.139.089 |
| Донации | 9.046.142 |
| Кредити | 0 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **149.419.680** |

Од табелата подолу се изведени и прикажани процентуалните учества на расходите по намени и истите ги следат и процентите на приходите.
Најголемо е учеството на расходите од основниот буџет и тоа 61%, па следат дотациите (наменски и блок) со 25%, со 8% учествуваат расходите од самофинансирачките активности на градинката и основните училишта и како и кај приходите најмало е учеството на донациите.Кредито сеуште е 0%.Задолжувањата ќе следат во наредниот период , бидејќи општина Ѓорче Петров е влезена во Втората фаза на фискална децентрализација




### 3. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства

Општината при изготвување на Завршната сметка на сите сметки со кои располага ( буџет, орган, самопридонес, дотации и донации) изготвува и биланс на состојба кој ги прикажува сите средства и избвори на средства со кои располага општината.

Општината не располага со градежни објекти во книговодствената евиденција.Постапките за упис во катастар на недвижности е во тек.Кога ќе се добијат имотните листови, тогаш ќе бидат воведени и во книговодствената евиденција.

Во делот на опрема ( мебел, возила и машини) општина Ѓорче Петров располага со **основни средтва во вредност од :**

набавна вредност - 9.497.068,00 ден.
исправка на вредност
(амортизација) 4.604.591,00 ден.
**сегашна вредност 4.892.477,00 ден.**

Оваа вредност во 2006 година изнесуваше 3.927.581,00 ден

**Ситен инвентар** ( канцелариски инвентар, алати, мобилни тел.и сл.) **587.617,00 ден.**

**Побарувања од купувачи**( закупнини и надоместок за уред. на градежно замјиште кој се плаќа на рати) **1.856.358,00 ден.**

**Краткорочни обврски прена добавувачи 3.030.931,00 ден.**
Овде влегуваат обврски по основ на фактури за м.12/07, а се стасани во текот на месец 01/2008 година.
**Обврски према вработени** , членови на Совет и договори за дело, како и према државата по основ на даноци ( за м. 12/2007) **2.281.788,00 ден.**

## 4. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменски, капитални и блок дотации

Од оваа 2007 година општина Ѓорче Петров почна вонбилансно да ги евидентира капиталните инвестиции и тоа во износ од 22.343.851, денари.Ова е со цел да се создаде евиденција за се што се гради на терен. Подеталин извештај Ви е даден во Извештајот за реализација на Програмите за уредување на градежно земјиште и комунални дејности ( Советот го усвои на крај на Јануари 2008 г.)

Што се однесува на наменските, односно блок дотации, реализирани се во целост.Прашање е колку се тие доволни за покривање на потребите на Локалните јавни установи.Заради тоа Советот и Градоначалникот во текот на 2007 година со Измените на Буџетот на општината интервенираа со зголемување на потребните средтва од основниот буџет на општината.

## 5. Извештај за користење на финансиски средтва од Тековна резерва

| Р. бр. | решение број : дата : | Опис на намена | Назив на корисник | ИЗНОС : |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 08-126/2 22.01.2007 | Помош за лекување во Хјустон | Андреј Здравковски | 10.000,00 ден. |
| 2. | 08-176/2 | Помош за набавка на лекови | Соња Ефтимовска | 10.000,00 ден. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 01.02.2007 | | | |
| 3. | 08-207/1 01.02.2007 | Помош за набавка на автобуска карта | Сашо Ангеловски | 1.650,00 ден. |
| 4. | 08-60/2 12.02.2007 | Финансиска помош за купување лекови од странство | Стојче Секуловски | 5.000,00 ден. |
| 5. | 08-428/2 01.03.2007 | Средства за котизација за фудбалски турнир | Демократска обнова на Македонија | 6.000,00 ден. |
| 6. | 08-501/2 05.03.2007 | Спонзорство за изградба на конак Ман."Св.Илија" с.Луковица | Манастир Св.Илија С.Луковица | 10.000,00 ден. |
| 7. | 08-567/3 09.03.2007 | Спонзорство за учество на државно првенство на риболов МАК КРАП | Чкартова Здравица Гелева Петруна Михајлова Лидија | 8.000,00 ден. |
| 8. | 08-475/2 09.03.2007 | Помош за покривање на болнички трошоци | Марина Павловска | 10.000,00 ден. |
| 9. | 08-752/2 30.03.2007 | Финансиска помош за купување лекови | Соња Ефтимовска | 10.000,00 ден. |
| 10. | 08-748/2 30.03.2007 | Помош за плаќање на заостанати сметки за електрична енергија | Ѓорѓи Катаров | 10.000,00 ден. |
| 11. | 08-679/2 26.03.2007 | Финансиска помош за студиска посета на Русија | Македонска православна црква,Православен Богословски факултет "Св.Климент Охридски" | 10.000,00 ден. |
| 12. | 08-793/2 04.04.2007 | Помош за набавка на автобуска карта | Сашо Ангеловски | 1.570,00 ден. |
| 13. | 08-959/2 25.04.2007 | Финансиска помош за реализација на меѓународен турнир во мал фудбал | Спортско рекреативно друштво Гофер - Скопје | 10.000,00 ден. |
| 14. | 08-1050/2 10.05.2007 | Финансиска помош за учество на Државен натпревар по историја | Илинка Јовановска | 3.000,00 ден. |
| 15. | 08-1129/2 21.05.2007 | Средсва за помош на социјално загроз. семејство | Горан и Јасмина Стамеска | 10.000,00 ден. |
| 16. | 08-1462/2 26.06.2007 | Спонз. за превоз и патни трошоци за учество на меѓу фолкл.фест. во Хрватска | КУД Григор Прличев | 10.000,00 ден. |
| 17. | 08-1442/2 26.06.2007 | Финан. помош за операција на око во Швајцарија | Марко Трпевски | 10.000,00 ден. |
| 18. | 08-1487/2 26.06.2007 | Финансиска помош за лекување во Грац, Австрија | Методија Давчевски | 10.000,00 ден. |
| 19. | 08-1382/2 13.06.2007 | Спонз. за реализ. на IV финале на фестивал Филиграни | МАК ФИЛИГРАНИ | 10.000,00 ден. |
| 20. | 08-1752/2 26.07.2007 | Спонзорство за издавање CD на изворни народни песни | Дарко Билбиловски | 6.000,00 ден. |
| 21. | 08-2586/2 01.12.2007 | Финансиска помош за организирање Илинденски марш | Здружение на граѓани Илинденски марш | 10.000,00 ден. |
| 22. | 08-1949/2 07.09.2007 | Финансиска помош за светско првенство во бокс | Мумин Вели | 15.000,00 ден. |
| 23. | 08-2072/2 12.09.2007 | Финансиска помош за светско првенство во карате | Васил Бешлиев Димитар Хрстовски | 10.000,00 ден. |
| 24. | 08-2218/2 26.09.2007 | Финасиска помош за лечење во Франција | Тео Тасев | 10.000,00 ден. |
| 25. | 08-1901/2 02.102007 | Финансиска помош за расчистување на дворно место од остатоци од камен | Манастир "Св.Богородица" Матка | 20.000,00 ден. |
| 26. | 08-2223/2 | Финасиска помош за лечење | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 28.09.2007 | во специјализ. клиника во Русија | Александар Мојсоски | 10.000,00 ден. |
| 27. | 08-2289/2 01.11.2007 | Финасиска помош за смртен случај за вработена во ОУ Ѓорче Петров | Политими Марковска | 11.700,00 ден. |
| 28. | 08-2544/2 07.11.2007 | Финасиска помош за лечење и нега на дете | Весна Анастасовска | 5.000,00 ден. |
| 29. | 07-2555/3 07.11.2007 | Финансиска подршка за обнова на камбанарија | Православна црква Храм "Св.Петар и Павле" | 150.000,00 д. |
| 30. | 04-2531/2 14.11.2007 | Решение за исплата на отпремнина за вработена во ОУ "Страшо Пинџур" | Зора Трпчевска | 28.894,00 ден |
| 31. | 08-2782/2 07.12.2007 | Финансиска помош за социј. загрозено семејство | Воислав Георгиевски | 3.000,00 ден. |
| 32. | 08-2145/2 07.12.2007 | Финансиска помош за социј. загрозено семејство | Антонио Лимановски | 4.000,00 ден |
| 33. | 08-2704/2 07.12.2007 | Финансиска помош за социј. загрозено семејство | Живорад Рајковиќ | 3.000.00 ден. |
| | | **ВКУПНО:** | | **431.814,00 д.** |

**Бр. 07-497/4**
**11.03.2008 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампие Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на општина Ѓорче Петров ("Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.05/06), Советот на општина Ѓорче Петров на Седумдесетипеттата седница одржана на ден 11. 03. 2008 година, донесе

**З А В Р Ш Н А С М Е Т К А**
**НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**ЗА 2007 ГОДИНА**

**Член 1**

Завршната сметка на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2007 година се состои од:

| | Планирани | | Реализирани | |
|---|---|---|---|---|
| **-Вкупно приходи** | **206.649.459,00** | **денари** | **175.762.036,00** | **денари** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 94.191.243,00 | денари | 64.240.826,00 | денари |
| Неданочни приходи | 17.038.116,00 | денари | 19.444.439,00 | денари |
| Капитални приходи | 50.000,00 | денари | 815.333,00 | денари |
| Трансфери | 21.941.191,00 | денари | 23.086.690,00 | денари |
| Дотации | 37.608.328,00 | денари | 37.608.563,00 | денари |
| Приходи од самофинансирачки активности | 16.439.128,00 | денари | 12.387.111,00 | денари |
| Донации | 10.410.760,00 | денари | 9.399.516,00 | денари |
| Пренесено салдо од 2006 година | 8.779.558,00 | денари | 8.779.558,00 | денари |

**-Вкупно расходи 206.649.459,00 денари 149.419.680,00 денари**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Утврдени намени | 206.149.459,00 | денари | 148.987.866,00 | денари |
| Резерви | 500.000,00 | денари | 431.814,00 | денари |

**-Салдо на 31-12-2006 26.342.356,00 денари**

### Член 2

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на основниот буџет во износ од **25.342.623,00** денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на основниот буџет на општина Ѓорче Петров за 2008 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на наменски дотации во износ од **398.337,00** денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на наменски дотации на општина Ѓорче Петров за 2008 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на самофинансирачки активности во износ од **248.022,00** денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на самофинансирачки активности на општина Ѓорче Петров за 2008 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на донации во износ од **353.374,00** денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на донации на општина Ѓорче Петров за 2008 година.

### Член 3

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2007 година и во Посебниот дел по програми и основни намени по економска класификација и тоа:

**Член 4**

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2007 година се прикажуваат расходите по програми, подпрограми, по сметки и ставки.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2007 година се објавува во Службениот гласник на општина Ѓорче Петров.

**Број 07-497/5**
**11.03. 2008 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Извештаите за првото полугодие за работата во учебната 2007/2008 година на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештаите за првото полугодие за работата во учебната 2007/2008 година на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров и тоа :
Извештај за првото полугодие за работата на О.У. Мирче Ацев за учебната 2007/2008 година, Извештај за првото полугодие за работата на О.У. Ѓорче Петров за учебната 2007/2008 година, Извештај за првото полугодие за работата на О.У. Димитар Поп Георгиев Беровски за учебната 2007/2008 година, Извештај за првото полугодие за работата на О.У. Страшо Пинџур за учебната 2007/2008 година, Извештај за првото полугодие за работата на О.У. Јоаким Крчоски за учебната 2007/2008 година, Извештај за првото полугодие за работата на О.У. Тихомир Милошевски за учебната 2007/2008 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ги усвои на Седумдесет и петтата Седница на Советот, одржана на ден 11.03.2008 година.

**Број 08-608/2**
**од 14.03.2008 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 05/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на Седумдесет и петтата седница одржана на ден 11.03.2008 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештаите за првото полугодие за работа во учебната 2007/2008 година на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се усвојуваат Извештаите за првото полугодие за работата во учебната 2007/2008 година на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров и тоа :

- Извештај за првото полугодие за работата на О.У. Мирче Ацев за учебната 2007/2008 година,
- Извештај за првото полугодие за работата на О.У. Ѓорче Петров за учебната 2007/2008 година,
- Извештај за првото полугодие за работата на О.У. Димитар Поп Георгиев Беровски за учебната 2007/2008 година,
- Извештај за првото полугодие за работата на О.У. Страшо Пинџур за учебната 2007/2008 година,
- Извештај за првото полугодие за работата на О.У. Јоаким Крчоски за учебната 2007/2008 година,
- Извештај за првото полугодие за работата на О.У. Тихомир Милошевски за учебната 2007/2008 година .

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07- 497/6**
**11.03.2008 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампие Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање ( " Сл. весник на РМ " бр. 51/05 и 137/07), член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров " (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**О Д Л У К А**
**За организирање Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за зона Мало стопанство,УЗ"Мирче Ацев" Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за Зона мало стопанство, УЗ "Мирче Ацев",утврдена од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров.

**Ч л е н 2**

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во јавното гласило **„Утрински Весник''** и веб сајтот на Општината **www.opstinagpetrov.gov.mk**

**Ч л е н 3**

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови од денот на објавувањето на Соопштението во јавното гласило од член 2 на оваа Одлука.

**Ч л е н 4**

Јавната презентација и Јавната анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за Зона мало стопанство,УЗ "Мирче Ацев", Општина Ѓорче Петров, ќе се спроведе со излагање на Нацрт - Планот во просториите на У.З." Мирч Ацев" - Општина Ѓорче Петров .

**Ч л е н 5**

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок ќе можат да ги дадат своите забелешки,предлози и мислења на анкетни листови.

**Ч л е н 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во " Службен гласник на Општина Ѓорче Петров " .

**Број 08 -609/1**
**14.03.2007 година**
**С к о п ј е**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање ( " Сл. весник на РМ " бр. 51/05 и 137/07), член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров " (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**О Д Л У К А**
**За организирање Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за Спортски терени-крајбрежен појас,УЗ"Ѓорче Петров" Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за Спортски терени-крајбрежен појас, УЗ"Ѓорче Петров" - Општина Ѓорче Петров , утврдена од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров.

**Ч л е н 2**

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во јавното гласило **„Утрински Весник''** и веб сајтот на Општината **www.opstinagpetrov.gov.mk**

**Ч л е н 3**

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови од денот на објавувањето на Соопштението во јавното гласило од член 2 на оваа Одлука.

**Ч л е н 4**

Јавната презентација и Јавната анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за Спортски терени-крајбрежен појас,УЗ"Ѓорче Петров" - Општина Ѓорче Петров, ќе се спроведе со излагање на Нацрт - Планот во просториите на У.З. Ѓорче Петров - Општина Ѓорче Петров .

**Ч л е н 5**

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок ќе можат да ги дадат своите забелешки,предлози и мислења на анкетни листови.

**Ч л е н 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во " Службен гласник на Општина Ѓорче Петров " .

**Број 08 -609/2**
**14.03.2007 година**
**С к о п ј е**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање ( " Сл. весник на РМ " бр. 51/05 и 137/07), член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров " (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**О Д Л У К А**
**За организирање Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за дел од УЗ "Даме Груев",УБ2 Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за дел од УЗ "Даме Груев",УБ2З, утврдена од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров.

**Ч л е н 2**

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во јавното гласило **„Утрински Весник"** и веб сајтот на Општината **www.opstinagpetrov.gov.mk**

**Ч л е н 3**

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови од денот на објавувањето на Соопштението во јавното гласило од член 2 на оваа Одлука.

**Ч л е н 4**

Јавната презентација и Јавната анкета по Нацрт-Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за дел од УЗ"Даме Груев",УБ2 , Општина Ѓорче Петров, ќе се спроведе со излагање на Нацрт - Планот во просториите на У.З." Даме Груев" - Општина Ѓорче Петров .

**Ч л е н 5**

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок ќе можат да ги дадат своите забелешки,предлози и мислења на анкетни листови.

**Ч л е н 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во " Службен гласник на Општина Ѓорче Петров " .

**Број 08 -609/3**
**14.03.2007 година**
**С к о п ј е**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање ( " Сл. весник на РМ " бр. 51/05 и 137/02) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров " (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров го дава следното

**С ОО П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат граѓаните и правните лица од просторот опфатен со Планот дека Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе Одлука за организирање

## Јавна презентација и Јавна анкета

**По Нацртот на Деталниот урбанистички план за зона Мало стопанство,УЗ "Мирче Ацев" , Општина Ѓорче Петров** ,што ги опфаќа следните граници на урбан опфат:

- север: меѓа на катастарска парцела на касарна Ѓорче Петров
- запад: осовина на ул."Сремски фронт"
- југ: осовина на железница
- исток: меѓа на КП 3360

утврден од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров(“Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров” број 3/08).

Големината на планскиот опфат изнесува 10,00 ха.

Нацртот на Деталниот урбанистички план за зона Мало стопанско УЗ "Мирче Ацев", ќе биде изложен во просториите на Урбана зеадница ”Мирче Ацев”, во период од 10 работни денови од денот на објавувањето на ова Соопштение, секој работен ден од 08 - 12 и од 17 - 21 часот.

**Јавната презентација** ќе се одржи на 25.03.2008 год. во 10.00 ч. Во просториите на УЗ "Мирче Ацев".

Анкетните листови за учество во јавната анкета можат да се подигнат во просториите на УЗ Мирче Ацев (тел.070/340-504).

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

**Број 08-609/4**
**од 14.03.2008 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање ( " Сл. весник на РМ " бр. 51/05 и 137/02) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров " (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров го дава следното

**С ОО П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат граѓаните и правните лица од просторот опфатен со Планот дека Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе Одлука за организирање

Јавна презентација и Јавна анкета

**По Нацртот на Деталниот урбанистички план за Спортски терени-крајбрежен појас,УЗ"Ѓорче Петров", Општина Ѓорче Петров** ,што ги опфаќа следните граници на урбан опфат:

-север: осовина на ул."Ѓуро Салај",кон север по ул."Виа Игнатија" до ул."Социјалистичка зора"
-исток: осовина на бул."Македонска Војска"
-запад:осовина на новопроектирана улица долж ОУ"Димитар Поп-Георгиев Беровски",кон исток по осовина на ул."Алекса Демниевски" до пресек со западна граница на парцели 12602 и 12603 во правец на новопроектирана улица,крак од ул."Алекса Демниевски"
-југ: осовина на ул."Алекса Демниевски"(новопроектирана)

утврден од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 3/08).
Големината на планскиот опфат изнесува 14,19 ха.

Нацртот на Деталниот урбанистички план за Спортски терени- крајбрежен појас, УЗ "Ѓорче Петров" ќе биде изложен во просториите на Урбана заедница "Ѓорче Петров", во период од 10 работни денови од денот на објавувањето на ова Соопштение, секој работен ден од 08 - 12 и од 17 - 21 часот.

**Јавната презентација** ќе се одржи на 25.03.2008 год. во 11.00 ч. Во просториите на УЗ" Ѓорче Петров."

Анкетните листови за учество во јавната анкета можат да се подигнат во просториите на УЗ Ѓорче Петров (тел.2032-650).

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

**Број 08-609/5**
**од 14.03.2008 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање ( " Сл. весник на РМ " бр. 51/05 и 137/07) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров " (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров го дава следното

**С ОО П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат граѓаните и правните лица од просторот опфатен со Планот дека Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе Одлука за организирање

## Јавна презентација и Јавна анкета

**По Нацртот на Деталниот урбанистички план за дел од УЗ "Даме Груев" УБ2, Општина Ѓорче Петров ,**што ги опфаќа следните граници на урбан опфат:

- на југозапад и југ: траса на железничка пруга Белград-Скопје
- на североисток: ул. "Лука Геров"
- на северозапад: ул. "Николај Островски"

утврден од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров(“Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров” број 3/08).

Големината на планскиот опфат изнесува 19,19 ха.

Нацртот на Деталниот урбанистички план за дел од УЗ "Даме Груев" УБ2, ќе биде изложен во просториите на урбана заедница "Даме Груев", во период од 10 работни дена од денот на објавувањето на ова Соопштение, секој работен ден од 08 - 12 и од 17 - 21 часот.

**Јавната презентација** ќе се одржи на 25.03.2008 во 12.00 ч. Во просториите на УЗ "Даме Груев"

Анкетните листови за учество во јавната анкета можат да се подигнат во просториите на УЗ Даме Груев (тел. 070/628-648 ).

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот можат да доставaт писмени забелешки на анкетните листови.

**Број 08-609/6**
**од 14.03.2008 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник,**
**Сокол Митровски с.р.**